# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

У. Бр. 09/3 - III - 6

Врз основа на член 24 став 3 од Законот за девизно работење ("Службен весник на Република Македонија" бр.34/01, 49/01, 103/01, 54/02) и врз основа на точка 6 став 4 од Одлуката за начинот и условите за отварање и водење на сметки на нерезиденти (Сл.весмик на РМ бр. 53/2002) , гувернерот на Народна банка на Република Македонија го донесува следното:

## У П А Т С Т В О
### за спроведување на Одлуката за начинот и условите за отварање и водење на сметки на нерезиденти

1.Со ова Упатство се пропишува начинот и формата на обрасците со кои овластените банки известуваат за примените ефективни странски пари на девизните сметките на нерезидентите.

2. Банката е должна, до Народна банка на Република Македонија да доставува месечни извештаи за примените ефективни странски пари од странски правни и физички лица (нерезиденти) на нивните девизни нерезидентски сметки.

3. Месечните извештаи се доставуваат до десетти во месецот за претходниот месец.

4. Месечните извештаи се доставуваат посебно за уплати во ефективни странски пари од нерезиденти правни лица и тоа на образец бр.1 , а посебно за уплати во ефективни странски пари од нерезиденти физички лица на образецот бр.2.

5. Обрасците 1 и 2 се составен дел на ова Упатство и се со следната форма:

Образец број 1

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

за уплата во ефективни странски пари на девизни нерезидентски сметки од странски правни лица за месец ___________

Назив на банката:___________, матичен број:___________ , даночен број:_________

| Реден број | Уплатил (Назив на правното лице) | Шифра на земја | Вид на валута | Износ во валута | Основ на плаќање | Број на царинска потврда | Дата на царинска потврда | Дата на уплата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | Вкупно по валути | | | | | |

П.Ф. 401, 91000 Скопје, Република Македонија
Телефони: + 091 108-108 (Централа); + 091 108-356
Факс: + 091 108-357 (Централа); + 091 108-356
Телекс 51415 NARBAM MB

Во образецот бр. 1 во одделните колони се впишуваат следните податоци:
Колона 1- реден број - редниот број на поединачната уплата почнувајќи од еден;
Колона 2 - уплатил - називот на правното лице на кое е отворена нерезиденската сметка и се врши уплатата;
Колона 3 - шифра на земја - шифрата на земјата од која потекнува правното лице - нерезидент;
Колона 4 - вид на валута - видот на валутата во која е внесена ефективата;
Колона 5 - износ во валута - износот кој се уплатува на девизната сметка на нерезидентот;
Колона 6 - основ на плаќање - шифра 549;
Колона 7 - број на царинска потврда - бројот на царинската потврда издадена од Царинската управа на Република Македонија која ја издава при пријавувањето на ефективата при влезот во Република Македонија;
Колона 8 - дата на царинската потврда - датата на издавањето на потврдата од колона 7;
Колона 9 - дата на уплата - датата кога се врши уплатата на ефективата во банката;
Во колоната вкупно по валути се прави рекапитулар по видови на валути;

Образец број 2

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

за уплата во ефективни странски пари на девизни нерезидентски сметки од странски физички лица за месец ______________

Назив на банката:_____________, матичен број:__________, даночен број:_________

| Реден број | Уплатил (назив на физичко-то лице) | Шифра на земја | Вид на валута | Износ во валута | Основ на плаќање | Број на царинска потврда | Дата на царинска потврда | Дата на уплата |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | Вкупно по валути | | | | | |

Начинот на пополнување на образецот бр. 2 е ист како и на образецот бр. 1.

6. Извештаите се пополнуваат за секоја поединечна уплата. Со извештајот за секоја поединачна уплата се доставува и потврдата од царинскиот орган , освен за износите кои не се должни да ги пријаваат согласно Одлуката за пријавување на ефективни странски пари кои можат да се внесуваат или изнесуваат од Република Македонија;

7. Колоната број на царинска потврда не се пополнува само во случаите кога се внесуваат ефективни странски пари за кои не се издава писмена потврда согласно Одлуката за условите и висината на износот на ефективните домашни и странски пари кои можат да се внесат во Република Македонија или изнесуваат од Република Македонија, како и во случаите кога се уплатуваат непотрошени ефективни странски пари претходно подигнати од тие сметки.

8. Ова Упатство влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија" а ќе се применува со денот на примената на Законот за девизно работење.

Гувернер
Љубе Трпески , с.р.